# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

29 април 2026 година, Гевгелија | Број 6 Година XLV

# СОДРЖИНА:

## I.Акти на Советот на Општина Гевгелија

**239.Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година...................................................................стр.1**

**240.Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај на Буџетот на Општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 – 31.03.2026 година...........................................................................стр.3**

**241.Одлука за одобрување на финансиски средства на Општинскиот сојуз за училишен спорт-Гевгелија за реализација на Програмата за регионална спортска лига на основни училишта - Југоисточен регион (мал фудбал)...............................................................................................................стр.4**

**242.Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Гевгелија со Општина Богданци...стр.6**

**243.Одлука за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП бр.12.03.16 од ДУП за Блок 12, КО Гевгелија...........................................................................стр.7**

**244.Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука бр.07-1667/1 од 12-13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија....................................................стр.9**

**245.Решение за дополнување на Решението за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија....................................................стр.12**

**246.Заклучок за усвојување на Елаборатот за процена на висината на штета од природна непогода – невреме проследено со силен ветар што ги зафати населените места Гевгелија, Негорци, Прдејци, Богородица, Мрзенци и Смоквица на ден 18.02.2026 година.............................................................стр.14**

## II.Акти на Градоначалникот на Општина Гевгелија

**209.Одлука за задолжување на Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“ – Гевгелија за објавување јавен оглас за избор на директор.............................................стр.15**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година**

Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/2
27.04.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 г.), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11192/15 и 209/18 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173 /22 и 170/24 г.), член 31 од Законот за буџетите (,,Службен весник на РМ“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр.151/21г.), член 93 став (2) од Законот за административните службеници (,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/ 21, 99/22 и 208/24г.) одредбите на Колективниот договор за вработените во Општина Гевгелија бр.01-375/1 од 24.02.2021 год. Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и други избрани и именувани лица во РМ (,,Службен весник на РМ“ бр.36/94, 44/90, 11/91,38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18, член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (,,Службен весник на РМ“ бр.70/94, 62/95, 33/97, 139/14, 147/15 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/19 г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на

Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.04.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

**за изменување на Одлуката за извршување**
**на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.27/2025 год.), во членот 2 по зборовите ,,буџет на самофинансирачки активности“ се додаваат зборовите ,,буџет на донации“.

**Член 2**

Во член 6 став (3) зборовите ,, на ниво на ставки“ се бришат.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-661/1
27.04.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 - 31.03.2026 год.**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 - 31.03.2026 год., што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/3
27.04.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22, 170/24 и 37/25 г.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2026 година, по расправата по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 - 31.03.2026 година, го донесе следниот:

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 - 31.03.2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-662/1
27.04.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Општинскиот сојуз за училишен спорт-Гевгелија за реализација на Програмата за регионална спортска лига на општинските училишта - Југоисточниот регион (мал фудбал);**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Општинскиот сојуз за училишен спорт-Гевгелија за реализација на Програмата за регионална спортска лига на општинските училишта - Југоисточниот регион (мал фудбал), што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/4 Градоначалник
27.04.2026 год. на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Андон Сарамандов с.р.**

**----------------------------------**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на 9-та редовна седница, одржана на ден 27.04.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

**за одобрување на финансиски средства на Општинскиот сојуз за училишен спорт-Гевгелија за реализација на Програмата за регионална спортска лига на општинските училишта - Југоисточниот регион (мал фудбал);**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 80.000,00 денари на **Општинскиот сојуз за училишен спорт-Гевгелија**, за успешна

реализација на Програмата за регионална спортска лига на основни училишта - Југоисточен регион (мал фудбал).

**Член 2**

Средствата да се исплатат од Програма Л0 –Спорт и рекреација, 463120– трансфери до спортски клубови, на сметка на .**Општинскиот сојуз за училишен спорт-Гевгелија со ЕМБГ/ЕДБ: 7420749, и број на трансакциска сметка: 210074207490161 - депонент на Тутунска банка АД Скопје.**

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави фотокопија од документацијата за намената за која се искористени, годишен финансиски извештај за претходната година како и план и програма за тековната 2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-663/1
27.04.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Се објавува Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/5
27.04.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------

Врз основа на член 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ", бр.79/09 и 241/24 год.), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр.05/02 и „Службен весник на РСМ", бр.202/24 год.) и член 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.),, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка

### Член 1

Советот на Општина Гевгелија го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од Градоначалникот со **Бр.08-647/1 од 22.04.2026 година,** за ангажирање овластен проценувач на недвижен имот за потребите на Одделението за локални даноци и такси во Општина Гевгелија, помеѓу општините Гевгелија и Богданци.

### Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, процената за потребата од воспоставување на МОС и мислењето на градоначалникот, се доставува до Општина Богданци заради усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-664/1
27.04.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП бр.12.03.16 од ДУП за Блок 12, КО Гевгелија**

Се објавува Одлука за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП бр.12.03.16 од ДУП за Блок 12, КО Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/6
27.04.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

**------------------------------------------**

Врз основа на член 62 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

**за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП бр.12.03.16 од ДУП за Блок 12, КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП бр.12.03.16 од ДУП за Блок 12, КО Гевгелија со графички приказ – скица на планот за парцелација.

**Член 2**

Проектниот опфат на од Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП бр.12.03.16 од ДУП за Блок 12, КО Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 8.130,54 $m^2$.

Во границите на проектниот опфат влегува градежната парцела бр.12.03.16 од Детален урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, т.е дел од КП бр.4008 и дел од КП бр. 4004/2 КО Гевгелија, општина Гевгелија.

**Член 3**

Градежната парцела опфатена со Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП бр.12.03.16 од ДУП за Блок 12, КО Гевгелија е со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-665/1
27.04.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија**

Се објавува Одлука за донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/7
27.04.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

**------------------------------**

Врз основа на член 62 и член 63 став (18) од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10

(10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија со графички приказ на урбанистичкиот проект и текстуален дел на урбанистичкиот проект.

**Член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1м 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од **29.842,00m$^2$.**

Границите на проектниот опфат се следните:

- на исток коинцидира со границата на КП 1/1 КО Мрзенци и продолжува да се движи во правец кон југ низ КП 1/2, 29/2 и 53/3 КО Мрзенци, односно ја следи регулационата линија од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци Општина Гевгелија.
- на југ се движи во правец кон запад по границата на КП 50/1 и минува низ КП 50/1 КО Мрзенци, односно го следи профилот на железница дефиниран со ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци Општина Гевгелија.
- на запад се движи по регулационата линија во правец кон север низ КП 35/1, 53/4 и 1/2 КО Мрзенци.
- на север коинцидира со границите на КП 1/14 и продолжува да се движи во правец кон исток низ КП 1/2 и продолжува да се движи по границата на КП 1/15 и 1/16 КО Мрзенци.

Границите на проектниот опфат се дадени во графичкиот прилог кој е составен дел на Урбанистичкиот проект.

Во рамките на проектниот опфат и градежната парцела се опфатени катастарските парцели: целосно се опфатени КП 1/16, 1/15, 1/14, 31, 32/1, 32/2, 32/3, 33/1, 33/2,34, 50/9 и делови од КП 53/3, 53/4, 1/2 и 35/1 КО Мрзенци, Општина Гевгелија. Границата на проектниот опфат има вкупна површина од 29.842м2.

**Член 3**

Со овој урбанистички проект се прави нова парцелација односно промена на границите на градежните парцели и утврдување на нова диспозиција на градбите.

За предметната локација има претходно одобрена документација ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци Општина Гевгелија чиј Извод од план ги дава влезните смерници за изработка на планското решение на овој УП.

Согласно изводот од план, намената е дефинирана како Г2 лесна индустрија. Намената на проектниот опфат е уточнета согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), во класификацијата на намените како Г2.9 Винарии и Г2.1 лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија со складови.

Пристапот ќе биде обезбеден од уличната мрежа дефинирана со важечкиот ДУП. Во рамките на парцелата ќе биде направено партерно уредување со зеленило и сообраќајни пристапи.

Во рамките на опфатот се прави нова парцелација односно промена на границите на претходно формираните две градежни парцели од важечкиот ДУП, со цел да се овозможи реализација и да се испланира нова диспозиција на површини за градба.

Класа на намена: Со постојниот ДУП проектниот опфат е со група на намена Г2– Лесна и незагадувачка индустрија и согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25) се определува основна намена:

**ГП 10.4.5**
Г2.1 лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија со складови
Катност: П+2
Максимална висина: Н=15,0м'

**ГП 10.4.8**
Г2.9 Винарии
Катност: П/П+1/П+2
Максимална висина: Н=4.0 м'/9.0 м'/15,0м

**Член 4**

Просторот опфатен со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија со намена Г2.1 – лесна и незагадувачка индустрија за ГП 10.4.5 и намена Г2.9 Винарии за ГП 10.4.8 по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-666/1 Претседател
27.04.2026 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Анета Стамкова**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за дополнување на Решението за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија**

Се објавува Решението за дополнување на Решението за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/8 Градоначалник
27.04.2026 год. на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Андон Сарамандов с.р.**

**-------------------------------------------**

Врз основа на член 38 став (1) точка 38 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2026 година донесе,

# РЕШЕНИЕ

**за дополнување на Решението за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија**

1.Со ова Решение се врши дополнување на Решението за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија, донесено од Советот на Општина Гевгелија под бр.09-539/1 од 25.03.2026 година.

2.За нов член на Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Гевгелија, се именува:

**-Драган Бојмалиев, советник - државен просветен инспектор.**

3.Еден примерок од ова Решение да се достави до именуваното лице.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-667/1 | Претседател
27.04.2026 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Анета Стамкова**

---------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода - невреме проследено со силен ветар што ги зафати населените места Гевгелија, Негорци, Прдејци, Богородица, Мрзенци и Смоквица на 18.02.2026 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода - невреме проследено со силен ветар што ги зафати населените места Гевгелија, Негорци, Прдејци, Богородица, Мрзенци и Смоквица на 18.02.2026 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Бр.08-672/9
27.04.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

------------------------------------------

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 год., и "Службен весник на РСМ" бр.215/21 год.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 година), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2026 година, по расправата за Предлог-Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода–невреме проследено со силен ветар што ги зафати населените места Гевгелија, Негорци, Прдејци, Богородица, Мрзенци и Смоквица на 18.02.2026 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода - невреме проследено со силен ветар што ги зафати населените места Гевгелија, Негорци, Прдејци, Богородица, Мрзенци и Смоквица на 18.02.2026 година, изготвен од Општинската комисија за процена на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во Општина Гевгелија, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.Елаборатот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на РСМ, Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради разгледување и превземање на потребните активности и мерки.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-668/1 — Претседател
27.04.2026 год. — на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија — **Анета Стамкова**

------------------------------------------------

Врз основа на член 123 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/10 и 198/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и 202/24), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**О Д Л У К А**
**за задолжување на Управниот одбор на**
**Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“ – Гевгелија**
**за објавување јавен оглас за избор на директор**

**член 1**

Со оваа Одлука се задолжува Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“ - Гевгелија да објави јавен оглас за избор на директор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“ – Гевгелија.

**член 2**

Во јавниот оглас да бидат утврдени условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр. 08-640/1 — Градоначалник
17.04.2026 година — на општина Гевгелија
Гевгелија — **Андон Сарамандов с.р.**


| |
|---|
| ***"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", Излегува по потреба*** |
| ***Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за правни работи.*** |
| ***Ул. „Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија*** |